


# ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА ЗА ЗГОЛЕМЕНА АМБИЦИЈА

Првата недела на COP25 започна со научни сознанија дека емисиите на CO2 се сеуште во пораст, како и проценки дека можеме да очекуваме посериозни промени на климата доколку нешто не промениме. А она што е потребно е зголемување на амбицијата во ревизијата на националните придонеси кон климатските промени – или во превод, напори за максимално намалување на емисиите на стакленички гасови имајќи ги во вид сите сектори. Еден значаен чекор кон намалување на емисиите е внимателно планирање на праведната транзиција на сите сектори со емисии на стакленички гасови.

> БЕЗ ДЕМОКРАТИЈА ПРАВЕДНАТА ТРАНЗИЦИЈА Е НЕВОЗМОЖНА. ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА МОЖЕ ДА ИМА САМО АКО ИМАТЕ ВЛАДА КОЈА НЕ ГИ ПОЧИТУВА ОСНОВНИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ГРАЃАНИТЕ И ГИ СЛУША БАРАЊАТА НА РАБОТНИЦИТЕ НА КОИ ИМ ОВОЗМОЖУВА ОСНОВНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА И МИНИМАЛНА ПЛАТА. – СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИ ОД ЧИЛЕ

Искуството од Шпанија е дека подигнувањето на климатската амбиција значи соочување со предизвикот да се обезбеди транзиција на многу сектори во земјата. Да се намалат емисиите на CO2 во земјата и да се поднесат национални придонеси кон климатски промени следени со закон за клима и стратегија за енергетика за Шпанија значеше дека заедно со целиот овој пакет мора да се изработи и национална стратегија за праведна транзиција. Шпанија поминала и низ период на одрекување. Многу луѓе биле свесни дека рудниците ќе се затворат и дека ќе мора да се најдат други опции за вработувања. За ова време Шпанските власти се обидувале да најдат иновативни начини да ги зачуваат животните средини и вработувањата во овие општини. Сите финансиски средства можно, започнале да се пренасочуваат кон овие региони за да се обезеди нормален живот за регионите во транзиција. Една од важните чекори во транзицијата е формализирање на неформалните работни места.

Праведната транзиција ги засега и опфаќа сите сектори кои имаат емисии на стакленички гасови- не само рудниците и термоелектраните на јаглен.

Во процесот на ревизија на националните придонеси кон климатските промени, меѓутоа и сите делови на понатамошно известување и креирање на политиката за клима мора да се внимава и на зголемена транспареност и вклученост на сите засегнати.

Искуството од Перу покажало дека потребни се силни и амбициозни климатски политики, но уште повеќе запознавање на Собранието, инстутициите и граѓаните со овие политики. Перу ги препознава националните придонеси во закон според кој еднаш годишно документот и сработеното се презентира пред пратениците во собранието.

Документите поврзани со ублажување и прилагодување на климатските промени треба да се комуницираат на соодветен начин со сите засегнати. Ако ова значи цртање инфографикони и табели за полесно разбирање или поедноставување на јазикот- тогаш тоа треба да се направи.